ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР. 02-203/15
03-07-2023 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 35 од Статутот на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола, и член 333 став 1 од Законот за трговски Друштва, Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола на седницата на годишното собрание на акционери одржана на ден 03.07.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За стекнување со сопствени акции со откуп**

**Член 1**
Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола, вклучувајки ги и досега откупените сопствени акции кои ги поседува ЗК Пелагонија ад Битола.

**Член 2**
Откупот на сопствените акции ќе се врши по пазарни односно берзански цени.

**Член 3**
Откупот на сопствени акции од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на Одлуката.

**Член 4**
Правата од стекнатите сопствени акции мируваат.

**Член 5**
Се овластува извршниот директор да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на Друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

**Член 6**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Земјоделски комбинат**
**ПЕЛАГОНИЈА АД Битола**
**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**
**Д-р Петар Бакиевски**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО 4